**ДП.бр.12-4-2/2026**

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ (подолу како ДК при КИРСМ) во состав од Славица Ацовска извршител, како Претседател на Дисциплинска Комисија и Гордана Цутеска извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, судија Осман Шабани од Апелационен суд Скопје, судија Зоран Глигоров од Основен суд Кочани и Душица Димитриеска од Совет на Јавни обвинители на РСМ, како членови на Дисциплинска Комисија и Снежана Пижевска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.-------- од 02.12.2025 година на Министерство за правда на РСМ, во присуство на извршителот по одржан главен претрес, на ден 30.01.2026 година го донесе следното,

**РЕШЕНИЕ**

**I.**

Точка 1 од **ПРЕДЛОГОТ** за поведување на дисциплинска постапка со бр.------од 02.12.2025 година на Министерство за правда, против С.Ѓ. од С.Н., **се усвојува**

Се огласува за виновен извршител С.Ѓ. од С.Н., именуван за подрачјето на Основен суд Ш. и С.Н., затоа што по предметите со И.бр.180/24, И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24, И.бр.254/24 и И.бр.255/24 издал Налог за извршување врз основ на член 96 од ЗИ, во месец март и април 2024 година, но не извршил достава на налозите за извршување до должниците во периодот од 05.12.2024 година до 18.06.2025 година, со што постапил спротивно на член 40 ст.1 алинеја 3 од Законот за извршување и сторил дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 17 од Законот за извршување ( „Службен весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) со тоа што не преземал дејствија согласно барањата за извршување, опишана во **точка 1** од Предлогот, па му се изрекува дисциплинска мерка, **парична казна** во висина од ----- евра во денарска противредност по среден курс на НБРСМ на ден на изрекување.

СЕ ЗАДОЛЖУВА извршителот С.Ѓ. од С.Н., изречената парична казна од ова решение да ја плати на сметка на Комората на извршители на РСМ со бр.200------------ во Стопанска Банка АД Скопје во рок од 15 дена од приемот на решението, а под страв на присилно извршување.

**II.**

Точка 2 и 3 од **ПРЕДЛОГОТ** за поведување на дисциплинска постапка со бр.---- од 02.12.2025 година на Министерство за правда, против извршител С.Ѓ. од С.Н., **се одбива**

Се утврдува дека не се сторени дисциплински повреди од страна на извршител С.Ѓ. од С.Н.по наводите од точка 2 и 3 од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка бр.----- од 02.12.2025 година на Министерство за правда на РСМ.

Дисциплинската комисија најде дека не се сторени дисциплински повреди од член 65 став 1 алинеја 4 и 66 став 1 алинеја 5 од Законот за извршување: „наплатил поголема или помала награда за извршување или други трошоци спротивно на Тарифата“ и „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидено со овој закон

или се спротивни на овој закон утврдено од страна на суд во постапка по приговор против направилности во извршувањето“, па поради тоа нема место за изрекување на дисциплинска мерка.

Ова Решение е конечно.

Евентуално поведен управен спор пред надлежен суд не го одлага извршувањето на ова решение.

*Образложение*

На ден 05.12.2025 година до Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ е доставен Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.------- од 02.12.2025 година од овластен подносител- РСМ Министерството за правда, против извршителот С.Ѓ. од С.Н., изготвен врз основа на Извештај од извршен надзор бр.---- од 04.09.2025 година и Записник од извршен надзор бр.------ од 18.06.2025 година, спроведен од страна на овластени лица од Министерството за правда во канцеларијата на извршителот С.Ѓ. од С.Н., на ден 18.06.2025 година.

Предлогот за поведување дисциплинска постапка е со наводи дека извршител С.Ѓ. од С.Н.сторил дисциплинска повреда од **член 66 став 1 алинеја 5** од Законот за извршување: „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидено со овој закон или се спротивни на овој закон утврдено од страна на суд во постапка по приговор против направилности во извршувањето“, како и со наводи за сторени дисциплински повреди од член **член 65 став 1 алинеја 4 и 17** од Законот за извршување: „наплати поголема или помала награда за извршување или други трошоци спротивно на Тарифа“ и „не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не преземал дејствија по барањето за извршување“

Во точка **еден** од предлогот, извршител С.Ѓ. од С.Н.се товари дека сторил дисциплинска повреда од член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ на начин што по извршните предмети И.бр.180/24, И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24, И.бр.254/24 и И.бр.255/24 сите поднесени од доверителот Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје-Друштво за дистрибуција на електрична енергија, изготвил Налози за извршување врз основа на член 96 од Законот за извршување во месец март и април 2024 година, но до денот на надзорот 18.06.2025 година не извршил достава на налозите за извршување до должниците, што е спротивно на **член 40 ст.1 алинеја 3** од Законот за извршување: „Извршителот врши достава на налози, записници и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа“, па на тој начин ја сторил дисциплинска повреда од член **65 став 1 алинеја 17** од ЗИ, односно не преземал дејствија по барањето за извршување.

Во точка **два** од предлогот извршител С.Ѓ. од С.Н. се товари дека постапувајќи по извршните предмети И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25, И.бр.123/25 сите поднесени од доверителот ЕВН ХОМЕ ДОО- Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија, Скопје против должници физички лица, врз основа на извршна исправа платни налози за услуги кои произлегуваат од комунална дејност, односно снабдување со електрична енергија, во електронската евиденција овие

извршни предмети не ги означил како предмети за извршување врз основа на решенија за издавање на нотарски платни налози како извршни исправи за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште и пресметката на наградата и надоместоците за преземените извршни дејствија во овие предмети извршителот ја врши спротивно на член **46 став 6 и став 7** од ЗИ и на Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите (Сл. Весник на РМ бр.32/19) и сторил дисциплинска повреда од член **65 ст.1 алинеја 4** од ЗИ, односно наплатил поголема награда и други трошоци за извршување.

Во точка **три** од предлогот, извршител С.Ѓ. од С.Н. се товари дека постапувајќи по извршните предмети И.бр.21/25, И.бр.123/25 и И.бр.71/25 од доверителот ЕВН ХОМЕ ДОО- Друштво за обезбедување на универзална услуга за снабдување со електрична енергија, Скопје против должници физички лица, поднесени врз основа на извршни исправи нотарски платни налози за услуги кои произлегуваат од комунални дејности, топлинска енергија, електрична енергија, телефонија, мобилни и кабелски оператори, одржување на заеднички простории, наводнување и одводнување на земјоделско земјиште, издал налози за извршување врз основа на член 96 од ЗИ иако предходно не се обидел да го спроведе извршувањето со Налози за извршување по член 141 и по член 149 од ЗИ, со што постапил спротивно на **член 46 став 6 и 7** од ЗИ и сторил дисциплински повреди по член **66 став 1 алинеја 5** од Законот за извршување односно при извршувањето презема дејствија кои не се предвидено со овој закон или се спротивни на овој закон утврдено од страна на суд во постапка по приговор против направилности во извршувањето.

Министерството за правда како овластен предлагач, предлага ДК при КИРСМ да го усвои предлогот, да поведе дисциплинска постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против извршител С.Ѓ. за сторените дисциплински повреди и да му се изречат соодветни дисциплински мерки, согласно закон.

Изршителот С.Ѓ. од С.Н. на ден 16.12.2025 година достави писмен одговор до Дисциплинската комисија на КИРСМ, со прилог списи. Во одговорот извршителот наведува дека Предлогот за поведување на дисциплинска постапка од подносител Министерство за правда е неоснован од причина што од негова страна не се сторени дисциплинските повреди наведени во предлогот и затоа предлага Дисциплинската комисија, предлогот да го одбие. Во одговорот извршителот наведува дека неосновани се наводите од **точка 1** од предлогот за сторена дисциплинска повреда по член 65 ст.1 алинеја 17 од ЗИ, од причина што во целост овој член, гласи: „не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не презема дејствија по барањето за извршување." По сите конкретни извршни предмети е преземено извршно дејствие по барањето за извршување, бидеќи по сите извршни предмет е донесен Налог за извршување, што значи дека предметите не се без преземено извршно дејствие, а по однос на доставата - за 5 предмети (со И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24

и И.бр.255/24) е направен обид за достава кој е неуспешен. Во одговорот извршителот наведува дека за предмет И.бр.180/24 е извршена успешна достава, а предметот И.бр.254/24 во меѓувреме во целост е наплатен на ден 02.07.2025 година. Во одговорот извршителот наведува дека неосновани се наводите од **точка 2** од предлогот, бидејќи неосновано е да се тврди дека е сторена повреда од член 65 став 1 алинеја 4 од ЗИ, односно дека е наплатена поголема награда и други трошоци за извршување поради тоа што по грешка предметите со И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25, И.бр.123/25 не се евидентирани во електронската евиденција како предмети од комунална дејност, бидејќи по овие предмети од должниците не е наплатен ниту еден денар. Во одговорот извршителот наведува дека грешката е исправена, од негова страна, се издадени нови налози за извршување и во електронската евиденција овие предмети се евидентирани како побарувања од комунална дејност. По однос на предметот И.бр.123/25, извршителот во одговорот наведува дека доверителот на ден 04.09.2025 година поднел Барање за повлекување на барањето за извршување, по што истиот ден донел Заклучок за запирање И.бр.123/25 од 04.09.2025 година. По однос на **точка 3** од предлогот извршителот наведува дека наводите од подносителот на Предлогот се неосновани дека е сторена дисциплинска повреда од член 66 алинеја 5 од ЗИ односно дека се преземени дејствија кои не се предвидени со ЗИ и се спротивни на ЗИ, кога при постапување по комуналните предмети со И.бр.21/25, И.бр.123/25 и И.бр.71/25 не е направен обид за преземање на дејствие по член 141 и по 149 од ЗИ, туку е издаден Налог по член 96 од ЗИ. Во одговорот извршителот како причини ги наведува следните: Извршниот предмет со И.бр.21/25 е предмет каде доверител е ЕОС Матрих ДООЕЛ Скопје а должник е лицето М.Љ. од С.Н. Не се работи за долг од комунална дејност, туку за долг по основ на земен кредит. По овој предмет е издаден Налог по член 141 од ЗИ за забрана на плата на должник и има делумна наплата; По извршниот предмет со И.бр.71/25 е донесен Налог за извршување по член 96 од ЗИ, но предходно се проверени податоци за должникот и е утврдено дека должникот З.С. е невработено лице и е примател на гарантирана минимална помош и пореди тоа не може да се преземе дејствие по член 141 или по член 149 од ЗИ, туку најправилно е издавање на Налог по член 96 од ЗИ за да може должникот доброволно да го плати долгот и по извршниот предмет со И.бр.123/25 е донесен Налог за извршување по член 96 од ЗИ, но предходно се проверени податоци за должникот и е утврдено дека должникот Е.Д. е невработено лице и е примател на гарантирана минимална помош и не може да се преземе дејствие по член 141 или по член 149 од ЗИ, туку е најправилно издавање на Налог по член 96 од ЗИ, за да може должникот доброволно да го плати долгот. По овој предмет, како што и предходно е наведено, доверителот на ден 04.09.2025 година го има повлечено Барањето за извршување и е донесен Заклучок за запирање со извршување И.бр.123/25 од 04.09.2025 година. Крајно, извршител С.Ѓ. од С.Н. во одговорот потенцира дека странките по овие предмети немат поднесено приговор до судот за сторени неправилности при извршување, сторени од негова страна.

Извршителот С.Ѓ. на ден 21.01.2026 година до ДК при КИРСМ достави дополнение на Одговор на предлог за поведување на дисциплинска постапка. Во дополнението извршителот се повикува на застареност на точка 1 од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка од МП, од причина што смета дека е исполнет условот од член 69 став 1 од ЗИ каде е определено дека „Рокот на застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува една година од денот кога дисциплинската повреда е направена“. Извршните предмети кои се наведени во точка 1 од Предлогот се заведени пред повеќе од 1 година од денот на извршениот надзор и утврдување на наводната повреда. Поточно предметите со И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, се заведени на ден 28.03.2024 година, а предметите со И.бр.253/24 и И.бр.255/24 се заведени на ден 25.04.2024 година, а редовниот надзор од страна на овластените лица од Министерство за правда е спроведена на ден 18.06.2025 година.

На закажан главен претрес одржан на ден 23.01.2026 година извршител С.Ѓ. од С.Н.изјави дека останува кон писмената одбрана, дадена во писмениот одговор на Предлог за поведување на дисциплинска постапка со бр.------ од 02.12.2025 година на Министерството за правда на РСМ. На прашање на член на комисијата: Дали предметите наведени во Предлогот се наплатени? Извршителот одговори дека нема уплати по наведените предмети.

Дисциплинската комисија на КИРСМ на одржан главен претрес на ден 23.01.2026 година, ги дозволи и изведе следните докази:

- Предлог за поведување на дисциплинска постапка бр.----- од 02.12.2025 година на Министерство за правда на РСМ;
- Извештај бр.---- од 04.09.2025 година на Министерство за правда;
- Записник бр.---- од 18.06.2025 година на Министерство за правда;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Македонија ДООЕЛ Скопје, против должник Р.М. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ. од С.Н.на ден 28.03.2024 година и заведено со И.бр.180/24;
- Пресуда МАЛВП-2----од 27.08.2019 година на Основен суд Ш.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.---од 01.04.2024 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за Р.М. со број -------- од 01.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ. од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.180/2024 на ден 19.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.180/2024 од 28.03.2024 година на извршител С.Ѓ. од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Македонија ДООЕЛ Скопје, против должник Г.И. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 28.03.2024 година и заведено со И.бр.181/24;
- Пресуда МАЛВП-4---од 28.03.2019 година на Основен суд Ш.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.1---од 01.04.2024 година доставено до извршител С.Ѓ. ;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за Г.И. со број 1137------од 01.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;

- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.181/2024 на ден 19.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.181/2024 од 28.03.2024 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Македонија ДООЕЛ Скопје, против должник М.М. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 28.03.2024 година и заведено со И.бр.182/24;
- Пресуда МАЛ ВП------од 27.06.2019 година на Основен суд Ш.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.--- од 01.04.2024 година доставено до извршител С.Ѓ;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за М.М. со број 1137----- од 01.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.182/2024 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.182/2024 од 28.03.2024 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Македонија ДООЕЛ Скопје, против должник Е.З.од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 28.03.2024 година и заведено со И.бр.190/24;
- Пресуда МАЛВП---- од 28.03.2019 година на Основен суд Ш.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.--- од 01.04.2024 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за Е.З. со број 113-----од 01.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.190/2024 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.190/2024 од 28.03.2024 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител Основен суд С.Н., против должник М.М. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 25.04.2024 година и заведено со И.бр.253/24;
- Пресуда ПРК-С --- од 05.10.2022 година на Основен суд С.Н.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за М.М. со број 151----од 29.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.253/2024 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.253/2024 од 29.04.2024 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител Основен суд С.Н., против должник Т.Ј. од Р., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 25.04.2024 година и заведено со И.бр.254/24;
- Пресуда ПРК-С бр.--- од 31.10.2022 година на Основен суд С.Н.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за Т.Ј. со број 151----од 29.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.254/2024 на ден 18.06.2025 година (3 листа);

- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.254/2024 од 29.04.2024 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител Основен суд С.Н., против должник И.В. од К., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 25.04.2024 година и заведено со И.бр.255/24;
- Пресуда ПРК-С бр.--- од 29.03.2023 година на Основен суд С.Н., со печат на правосилност 19.04.2023 година и извршност на ден 04.05.2023 година;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи со бр.---- од 29.04.2024 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за И.Б. со број 151---------од 29.04.2024 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.255/2024 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.255/2024 од 29.04.2024 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Хоме ДОО Скопје, против должник А.А. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 28.02.2025 година и заведено со И.бр.70/25;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за А.А. со број 78-------од 28.02.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град со бр.--- од 28.02.2025 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Решение за издавање на нотарски платен налог, НПН.бр.----- од 27.02.2024 година од нотар Л.С.Т. од Ш., со печат на правосилност и извршност од 26.03.2024 година;
- Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа доставен до нотар Л.С.Т. од Ш. од страна на Адвокатско Друштво Ч. адвокати на ден 26.02.2024 година;
- Известување од КИБС АД Скопје за лицето А.А. од 28.02.2025 година до извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Доставница И.бр.70/2025 на извршител С.Ѓ.од С.Н. за достава на Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка до УНИ Банка АД Скопје на ден 06.03.2025 година;
- Извадок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.70/2025 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.149 од ЗИ, И.бр.70/2025 од 03.03.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Хоме ДОО Скопје, против должник З. С. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 28.02.2025 година и заведено со И.бр.71/25;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за А.А. со број 7834---од 28.02.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа доставен до нотар Л.С. Т. од Ш. од страна на адвокат Љ.М., доставен на ден 30.05.2024 година;
- Решение за издавање на нотарски платен налог, НПН.бр.--- од 30.05.2024 година од нотар Л.С.Т.од Ш., со печат на правосилност и извршност од 25.06.2024 година;

- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град со бр.---- од 28.02.2025 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за З.С. со број 7844------од 28.02.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.71/2025 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.71/2025 од 28.02.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Повратница од ПТТ за достава на Налог за извршување И.бр.71/2025 до З.С. од Ш. на ден 06.03.2025 година;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Хоме ДОО Скопје, против должник С. Д. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 28.02.2025 година и заведено со И.бр.72/25;
- Решение за издавање на нотарски платен налог, НПН.бр.--- од 30.05.2024 година од нотар Л.С.Т.од Ш., со печат на правосилност и извршност од 25.06.2024 година;
- Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа доставен до нотар Л.С.Т.од Ш. од страна на адвокат Љ.М., доставен на ден 30.05.2024 година;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за С.Д.со број 784------од 28.02.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град со бр.--- од 28.02.2025 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Известување од КИБС АД Скопје за лицето С.Д. од 28.02.2025 година до извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Налог за извршување врз основа на чл.149 од ЗИ, И.бр.72/2025 од 03.03.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Доставница И.бр.72/2025 на извршител С.Ѓ.од С.Н. за достава на Налог за извршување врз побарување по сметка кај банка до НЛБ Банка АД Скопје на ден 06.03.2025 година;
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка до С.Д.од Ш. со назнака „непозната адреса";
- Повратница од ПТТ за достава на Заклучок за деблокада И.бр.72/2025 на извршител С.Ѓ.од С.Н. до НЛБ Банка АД Скопје на ден 07.04.2025 година;
- Изводок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.72/2025 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Извештај за уплатени пензиски примања за С.Д. од Фонд за ПИО на Македонија Скопје со дата 01.04.2025 година;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.72/2025 од 01.04.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Хоме ДОО Скопје, против должник З. Р. од П., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 07.04.2025 година и заведено со И.бр.121/25;
- Решение за издавање на нотарски платен налог, НПН.бр.---- од 01.07.2024 година од нотар Л.С.Т. од Ш., со печат на правосилност и извршност од 20.07.2024 година;
- Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа доставен до нотар Л.С.Т. од Ш.од страна на адвокатско друштво П. и партнери од Скопје, доставен на ден 28.06.2024 година;

- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за З.Р. со број 12372------од 07.04.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град П. со бр.---- од 07.04.2025 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка до З.Р. од Ш. со назнака „преселен";
- Барање за информации и податоци поради спроведување на извршување И.бр.121/25 од 07.04.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н. до Центар за социјални работи;
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.121/2025 од 07.04.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.121/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.121/2025 на ден 07.07.2025 година (3 листа);
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.121/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Барање за извршување од доверител ЕВН Хоме ДОО Скопје, против должник Е. Д. од Ш., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 07.04.2025 година и заведено со И.бр.123/25;
- Решение за издавање на нотарски платен налог, НПН.бр.476/2024 од 01.07.2024 година од нотар Л.С.Т.од Ш., со печат на правосилност и извршност од 26.07.2024 година;
- Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа доставен до нотар Л.С.Т.од Ш. од страна на адвокат Љ. М. од Скопје, доставен на ден 28.06.2024 година;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.---- од 07.04.2025 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за Е.Д. со број 1232-----од 07.04.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.123/2025 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.123/2025 од 07.04.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Повратница од ПТТ за достава на Налог за извршување И.бр.123/2025 до Е. Д. од Ш. на ден 11.04.2025 година;
- Барање за извршување од доверител ЕОС МАТРИХ ДООЕЛ Скопје, против должник М. Љ. од Г., примено во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 03.02.2025 година и заведено со И.бр.21/25;
- Полномошно од властодавец ЕОС МАТРИХ ДООЕЛ Скопје, потпишано за Адвокатско друштво А. од Скопје;
- Решение за издавање на нотарски платен налог, НПН.бр.---- од 30.10.2024 година од нотар Х.С.од С.Н., со печат на правосилност и извршност од 22.11.2024 година;
- Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа доставен до нотар Х.С.од С.Н. од страна на ЕОС МАТРИХ ДООЕЛ Скопје, доставен на ден 30.10.2024 година;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за М. А. од 03.02.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;

- Извадок од електронска евиденција со податоци за предмет И.бр.21/2025 на ден 18.06.2025 година (3 листа);
- Промет во период од 19.03.2025 до 19.03.2025 ( збирен извештај за одобрување-задолжување) од НЛБ Банка- за тансакциската сметка на извршител С.Ѓ.;
- Промет во период од 23.04.2025 до 23.04.2025 ( збирен извештај за одобрување-задолжување) од НЛБ Банка- за тансакциската сметка на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извод број 68 од 17.04.2025 година од НЛБ Банка, за сметка на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Промет во период од 22.05.2025 до 22.05.2025 ( збирен извештај за одобрување-задолжување) од НЛБ Банка од тансакциската сметка на извршител С.Ѓ.;
- Налог за извршување врз основа на чл.141 од ЗИ, И.бр.21/2025 од 03.02.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Повратница од ПТТ за достава на Налог за забрана на плата И.бр.21/25 до А—С--- ДООЕЛ од Ш. на ден 07.02.2025 година;
- Достава на Предлог за поведување на дисциплинска постапка од КИРСМ до извршител С.Ѓ.по електронски пат на ден 09.12.2025 година и по ПТТ на ден 15.12.2025 година, и
- Одговор по предлог за поведување на дисциплинска постапка од извршител С.Ѓ.од С.Н., доставено до КИРСМ на ден 16.12.2025 година и заведено со дел.бр.12-4-15/3;
- Повратница од ПТТ за достава на Налог за извршување И.бр.180/24 до Р. М.од Ш. на ден 25.06.2025 година;
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка И.бр.182/24 до М. М. од Ш., со прв обид 25.06.;
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка И.бр.181/24 до Г.И.од Ш. со назнака „недоволна адреса";
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка И.бр.190/24 до Е.З. од Ш.со назнака „известен-непобарал";
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка И.бр.253/24 до Н—М--- ММ ДООЕЛ од Ш.со назнака „непознат";
- Промет во период од 03.07.2025 до 03.07.2025 (збирен извештај за одобрување-задолжување) од НЛБ Банка- за тансакциската сметка на извршител С.Ѓ.;
- Повратница од ПТТ за достава на Налог за забрана на плата И.бр.254/24 до Еу---Про--- ДООЕЛ од Р.;
- Повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка И.бр.255/24 до И.В. од К.со назнака „ не барал";
- Извадок од електронска евиденција со датум за пресметка 20.06.2025 година;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.70/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Налог за извршување врз основа на чл.149 од ЗИ, И.бр.70/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со датум за пресметка 20.06.2025 година;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.71/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Налог за извршување врз основа на чл.149 од ЗИ, И.бр.71/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со датум за пресметка 20.06.2025 година;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.72/2025 од 01.04.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;

- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.72/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со датум за пресметка 20.06.2025 година;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.121/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Налог за извршување врз основа на чл.96 од ЗИ, И.бр.121/2025 од 20.06.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Заклучок за запирање на извршување И.бр.123/2025 од 04.09.2025 година на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Извадок од електронска евиденција со датум за пресметка 04.09.2025 година;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за Е.Д. со број 1232-----од 07.04.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.---- од 07.04.2025 година доставено до извршител С.Ѓ.;
- Податоци од службена евиденција од АВ на РСМ за З.С. со број 784-----од 28.02.2025 година, по барање на извршител С.Ѓ.од С.Н.;
- Потврда од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи на град Ш. со бр.---- од 28.02.2025 година за З.С., доставено до извршител С.Ѓ.; и
- Приговор на застареност на Предлог за поведување на дисциплинска постапка од извршител С.Ѓ., примен во КИРСМ на ден 21.01.2026 година и заведен под број 12--.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на одржан главен претрес, ги разгледа наводите изнесени во предлогот, одговор од извршителот на Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, изјавите на одбраната, па ценејќи ги сите докази одделно и заедно, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 18.06.2025 година, овластените државни службеници од Министерството за правда, извршиле редовен надзор над работата на С.Ѓ.од С.Н., именуван за подрачјето на Основен суд Ш. и Основен суд С.Н. во неговата канцеларијата во С.Н. по однос на неговото постапување и примената на одредбите од Законот за извршување како и подзаконските акти. Со надзорот бил извршен увид во извршни предмети, побарани по случаен избор со И.бр.180/24, И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24, И.бр.254/24, И.бр.255/24, И.бр.437/24, И.бр.438/24, И.бр.21/25, И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25 и И.бр.123/25. Во Записникот од извршениот редовен надзор било нотирано задолжение за извршител С.Ѓ.од С.Н. во рок од 3 работни дена да достави до МП, изводи од сите уплати и распределби, примерок од електронската евиденција и списи од предметите наведени во записникот.Овластените државни службеници при МП на ден 04.09.2025 година изготвиле Извештај со бр.----, врз основа на извршениот надзор во евиденцијата која се води во електронска форма, прегледот на списите во предметите и непосрениот разговор со извршителот С.Ѓ., над чие работење е вршен надзорот.

ДК при КИРСМ констатира дека подносителот погрешно наведува во точка 1 од предлогот дека предметите со И.бр.180/24, И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24, И.бр.254/24 и И.бр.255/24 се поднесени од ист доверител, од причина што предметот И.бр.180/24 и И.бр.190/24 се поднесен од доверител Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, предметите со И.бр.181/24 и И.бр.182/24, се поднесени од доверителите:

ЕВН Македонија АД Скопје и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, а предметите со И.бр.253/24, И.бр.254/24 и И.бр.255/24 се поднесени од доверител, Основен суд С.Н..

По однос на барањето од извршителот точката 1 од предлогот да се отфрли поради застареност односно исполнет услов од член 69 став 1 од ЗИ: „Рокот на застареност **за поведување на дисциплинска постапка** изнесува 1 година од денот кога дисциплинската повреда е направена", ДК при КИРСМ истото не го прифати од причина што утврди дека не се исполнети условите од член 69 од ЗИ. Предлогот за поведување на дисциплинска постапка до ДК при КИРСМ е доставен на ден **05.12.2025** година. Надзорот од страна на овластената комисија при МП е извршен на ден **18.06.2025** година при кој било утврдено дека извршителот С.Ѓ.по извршните предмети со И.бр.180/24, И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24, И.бр.254/24 и И.бр.255/24, изготвил Налози за извршување врз основа на член 96 од ЗИ во месец март и април 2024 година, но до денот на надзорот не извршил достава на налозите за извршување до должниците. Се согледува дека периодот од издавање на налозите до 18.06.2025 година, кој е наведен во предлогот е период утврден од страна на овластената комисија при МП, за период на сторена повреда. Дејствијата на надзор преземени на ден 18.06.2025 година се сметаат за дејствија преземени заради поведување на постапка за сторената дисциплинска повреда. ДК при КИРСМ констатира активирање на член 69 став 2 од ЗИ, кој гласи: „Прекин на застареност настапува со преземање на секое дејствие што се презема заради поведување на постапка за сторената дисциплинска повреда." На ден 18.06.2025 година настапил прекин на застареност. Од причина што Предлогот е доставен на ден 05.12.2025 година, периодот од 05.12.2024 година до 18.06.2025 година е период за кој може да се утврди дали е сторена дисциплинска повреда по член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ, не преземал дејствија по барањата за извршување односно по наведените предмети од точка 1 од Предлогот, не извршил достава на налозите за извршување до должниците. ДК при КИРСМ констатира дека на денот на одлучувањето, за периодот од 05.12.2024 година до 18.06.2025 година, не е исполнет условот за апсолутна застареност од член 69 став 3 од ЗИ, кој гласи: „Застареноста на дисциплинската одговорност настапува во секој случај по истекот на 2 година од денот на сторената повреда."

По однос на предмет **И.бр.180/24** се констатира дека извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 28.03.2024 година, примила Барање за извршување од доверител Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и извршна исправа Пресуда МАЛВП---- од 27.08.2019 година на Основен суд Ш., против должник Р.М. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот добил податоци од службена евиденција од Агенцијата за вработување на РСМ, за лицето Р.М., дека лицето е со непознат статус. Исто така извршителот добил податоци од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи за лицето Р.М., дека не е корисник на права од социјална заштита. Извршител С.Ѓ.на ден 28.03.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со И.бр.180/2024 со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната

исправа паричен износ од --.900,00 денари. Видно од ПТТ повратница Налог за извршување И.бр.180/24 до должник Р. М. од Ш. е доставен на ден 25.06.2025 година.

Предмет со **И.бр.181/24** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 28.03.2024 година по прием на Барање за извршување од доверители ЕВН Македонија АД Скопје и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и извршна исправа Пресуда МАЛВП-----од 28.03.2019 година на Основен суд Ш., против должник Г.И. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот од АВ на РСМ и од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи добил податоци за лицето Г. И. од Ш.. По прием на информација дека лицето е со непознат статус за вработување и не е примател на право од социјална заштита, на ден 28.03.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со И.бр.181/2024 со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од --.695,00 денари. По предмет И.бр.181/24 на ден 25.06.2025 година бил направен обид за достава на налог до должник Г.И. од Ш., но пратката била вратена со назнака „недоволна адреса“.

Предмет со **И.бр.182/24** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.на ден 28.03.2024 година по прием на Барање за извршување од доверители ЕВН Македонија АД Скопје и Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и извршна исправа Пресуда МАЛВП---- од 27.06.2019 година на Основен суд Ш., против должник М.М. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот од АВ на РСМ и од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи добил податоци за лицето М.М. од Ш. По прием на информација дека лицето е со непознат статус за вработување и не е примател на право од социјална заштита, на ден 28.03.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со И.бр.182/2024 со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од --609,00 денари. Видно од повратница од ПТТ постои неуспешна достава на пратка И.бр.182/24 до должник М.М. од Ш., со прв обид на ден 25.06.2025 година.

Предмет со **И.бр.190/24** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.на ден 28.03.2024 година по прием на Барање за извршување од доверител Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје и извршна исправа Пресуда МАЛВП----од 28.03.2019 година на Основен суд Ш., против должник Е.З. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот побарал и добил информации од АВ на РСМ и од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи за лицето Е.З. од Ш.. По прием на информација дека лицето е со непознат статус за вработување и дека е примател на родителски додаток за трето дете, извршителот на ден 28.03.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со И.бр.190/2024 со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од --.940,00 денари. Се согледува од повратница од ПТТ за обид и неуспешна достава на пратка И.бр.190/24 на ден 24.06.2025 и 25.06.2025 година до должник Е.З. од Ш.

Предмет со **И.бр.253/24** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.на ден 25.04.2024 година по прием на Барање за извршување од доверител Основен суд С.Н. и извршна исправа Пресуда ПРК-С --- од 05.10.2022 година на Основен суд С.Н., против должник М.М. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот на ден 29.04.2024 година побарал и добил информации од АВ на РСМ дека лицето е вработен во Трговско друштво Н—М-- ММ ДООЕЛ Ш.и истиот ден 29.04.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од -.356,00 денари. Во списи од предмет има повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка И.бр.253/24 до работодавец Н—М-- ММ ДООЕЛ од Ш. со назнака „непознат", со направен обид за достава на ден 26.06.2025 година.

Предмет со **И.бр.254/24** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.на ден 25.04.2024 година по прием на Барање за извршување од доверител Основен суд С.Н. и извршна исправа Пресуда ПРК-С--- од 31.10.2022 година на Основен суд С.Н., против должник Т.Ј. од Р., за спроведување на парично побарување. Извршителот на ден 29.04.2024 година побарал и добил информации од АВ на РСМ дека лицето е вработен во Друштво за производство, трговија и услуги ЕУРО--- ПРО-- ДООЕЛ Р. и истиот ден 29.04.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од -.356,00 денари. Во списи од предмет има повратница од ПТТ за успешна достава на пратка за И.бр.254/24 до работодавец ЕУРО—ПРО-- ДООЕЛ Р.со нечитлив датум.

Предмет со **И.бр.255/24** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.на ден 25.04.2024 година по прием на Барање за извршување од доверител Основен суд С.Н. и извршна исправа Пресуда ПРК-С----- од 29.03.2023 година на Основен суд С.Н. против должник И.В. од К., за спроведување на парично побарување. Извршителот на ден 29.04.2024 година побарал и добил информации од АВ на РСМ и од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи за лицето И.В.од К.. Од АВ на РСМ извршителот добил информација дека должникот е основач и управител и дека не е корисник на права од социјална заштита. Извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 29.04.2024 година издал Налог за извршување И.бр.255/24 врз основа на член 96 од ЗИ со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од -.720,00 денари. Во списи од предмет има повратница од ПТТ за неуспешна достава на пратка за И.бр.255/24 до должник И.В. од К. со назнака „преселен",со нечитлив датум.

По однос на предмети И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25, И.бр.123/25 на извршител С.Ѓ., а врз основ на доставени списи од извршителот се согледува дека извршителот извршил исправка во електронската евиденција, на начин што наведените предмети ги означил како предмети кои произлегуваат од комунални

дејности. ДК при КИРСМ во списите не најде доказ дека извршителот по предметите со И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25, И.бр.123/25, пресметал и наплатил поголема награда и други трошоци за извршување, спротивно на Тарифа.

ДК при КИРСМ по однос на предмет **И.бр.21/25**, ја утврди следната фактичка состојба: Предмет со И.бр.21/25 е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.на ден 03.02.2025 година по прием на Барање за извршување од доверител ЕОС МАТРИХ ДООЕЛ Скопје, преку полномошник Адвокатско друштво А. и извршна исправа Решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр.--- од 30.10.2024 година на нотар Х.С.од С.Н.,против должник М.Љ. од С.Н., за спроведување на парично побарување. Извршителот на ден 03.02.2025 година побарал и добил информации од АВ на РСМ дека должникот е вработен во Друштво за производство А--- ДООЕЛ Ш.. Извршител С.Ѓ.на ден 03.02.2025 година година издал Налог за извршување И.бр.21/25 врз основа на член 141 од ЗИ врз плата и други парични намирувања. Налогот по ПТТ успешно го доставил до должник М.Љ.и работодавецот на должникот, на ден 07.02.2025 година.

Предмет **И.бр.71/25** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н.на ден 28.02.2025 година по прием на Барање за извршување од доверител ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје и извршна исправа Решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр.--- од 30.05.2024 година на нотар Л.С.Т., против должник З.С. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот на ден 28.02.2025 година побарал и добил информации од АВ на РСМ и од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи за лицето З.С. од Ш.. По прием на информација дека лицето е невработено и дека е примател на еднократна парична помош и помош во натура за 1 месец 2019 година, извршителот на ден 28.02.2025 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со И.бр.71/2025 со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа паричен износ од ---.515,00 денари. Се согледува од повратница од ПТТ дека налогот И.бр.71/2025 успешно го доставил до должник З. С. од Ш., на ден 06.03.2025 година. На ден 20.06.2025 година извршител С.Ѓ. издал Заклучок за запирање на извршување поради погрешно определени извршни трошоци и истиот ден издал Налог за извршување И.бр.71/2025 врз основа на член 96 од ЗИ.

Предмет **И.бр.123/25** е оформен во канцеларија на извршител С.Ѓ.од С.Н. на ден 07.04.2025 година по прием на Барање за извршување од доверител ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје и извршна исправа Решение за издавање на нотарски платен налог НПН бр.476/2024 од 01.07.2024 година на нотар Л.С.Т. од Ш.,против должник Е.Д. од Ш., за спроведување на парично побарување. Извршителот на ден 07.04.2025 година побарал и добил информации од АВ на РСМ и од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи за лицето Е.Д.од Ш.. По прием на информација дека лицето е невработено лице и дека е примател на гарантирана минимална помош, извршителот на ден 07.04.2025 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ со И.бр.123/25 со кој му наложила на должникот во рок од 3 дена од прием на налогот да му исплати на извршителот во име и за сметка на доверителот, врз основа на извршната исправа

паричен износ од --.412,00 денари. Се согледува од повратница од ПТТ дека налогот И.бр.123/25 успешно го доставил до должник Е.Д. од Ш., на ден 11.03.2025 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 23.01.2026 година по одржан главен претрес по повод Предлог за поведување на дисциплинска постапка на Министерство за правда со бр.09-1378/5 од 02.12.2025 година, против извршител С.Ѓ.од С.Н., одлучи да го одложи советувањето, гласањето, донесувањето и објавата на одлуката за ден 30.01.2026 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ на ден 30.01.2025 година одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во **точка 1 од Предлогот** за поведување дисциплинска постапка утврди дека С.Ѓ.од С.Н. ја сторил дисциплинската повреда: „не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не преземал дејствија по барањето за извршување" по член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ, на начин што по извршните предмети И.бр.180/24, И.бр.181/24, И.бр.182/24, И.бр.190/24, И.бр.253/24, И.бр.254/24 и И.бр.255/24 издал Налози за извршување врз основа на член 96 од Законот за извршување во месец март и април 2024 година, но не извршил достава на налозите за извршување до должниците во периодот од 05.12.2024 година до 18.06.2025 година, со што постапил спротивно на член 40 ст.1 алинеја 3 од Законот за извршување: „Извршителот врши достава на налози, записници и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа." За наведената дисциплинската повреда ДК при КИРСМ на извршител С.Ѓ.од С.Н. му изрече дисциплинска мерка **парична казна во висина од ---- евра во денарска противредност по среден курс на НБ на РСМ на ден на изрекување.**

ДК при КИРСМ, утврди дека по предмет **И.бр.180/24** извршител С.Ѓ. издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник Р.М. на ден 28.03.2024 година, но истиот го доставил до должникот по ПТТ, на ден **25.06.2025** година по измината повеќе од година дена. По предмет **И.бр.181/24,** извршител С.Ѓ.на ден 28.03.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник Г.И., а истиот се обидел да го достави до должникот на ден 25.06.2025 година.. По предмет **И.бр.182/24** извршител С.Ѓ. издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник М. .М. на ден 28.03.2024 година, но истиот се обидел да го достави дури на ден **25.06.2025** година. По предмет **И.бр.190/24,** извршител С.Ѓ.. на ден 28.03.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник Е.З., а истиот се обидел да го достави по ПТТ на ден **24.06.2025** и **25.06.2025** година до должник Е.З.од Ш.. По предмет **И.бр.253/24,** извршител С.Ѓ. на ден 29.04.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник М.М., но во списите нема доказ дека истиот се обидел да го достави до должникот, туку по ПТТ направил обид за достава на налогот до работодавецот на должникот, на ден **26.06.2025 година**. По предмет **И.бр.254/24,** извршител С.Ѓ. на ден 29.04.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник Т. Ј., но во списите нема

доказ дека истиот го доставил или се обидел да го достави до должникот, и по предмет **И.бр.255/24,** извршител С.Ѓ. на ден 29.04.2024 година издал Налог за извршување врз основа на член 96 од ЗИ спрема должник И.В.од К., но во списите нема доказ за достава на налогот до должникот. ДК при КИРСМ е на мислење дека извршувањето на извршното дејствие- издавање на налог е во корелација со извршното дејствие- достава на налог, определено како обврска за извршителот во член 40 ст.1 алинеја 3 од ЗИ, од причина што за извршувањето, за должникот и за друг субјект до кој налогот треба да се достави, е без значење самото издавање доколку со налогот субјектот за кој се однесува не е запознаен со неговото постоење. Согласно наведеното ДК при КИРСМ утврди дека постојат сите битни елементи на дисциплинските повреди по член 65 став 1 алинеја 17 од ЗИ, па го огласи за виновен извршителот С.Ѓ.од С.Н. и му изрече дисциплинска мерка парична казна во висина од --- евра во денарска противредност по среден курс на НБ на РСМ на ден на изрекување.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, одлучувајќи по повод основаноста на наводите опишани во **точка 2 од Предлогот** за поведување дисциплинска постапка утврди дека извршителот не ја сторил дисциплинската повреда од член 65 ст.1 алинеја 4 од ЗИ: „наплатил поголема или помала награда за извршување или други трошоци спротивно на Тарифа“ по извршните предмети И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25, И.бр.123/25, од причина што во списите не најде доказ дека извршителот С.Ѓ.по предметите со И.бр.70/25, И.бр.71/25, И.бр.72/25, И.бр.121/25, И.бр.123/25, пресметал и наплатил поголема награда и други трошоци за извршување, спротивно на Тарифа.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ утврди дека извршителот С.Ѓ.од С.Н. не ја сторил дисциплинската повреда опишана во точка 3 од предлогот, кога постапувајќи по извршните предмети И.бр.21/25, И.бр.123/25 и И.бр.71/25 од доверителот ЕВН ХОМЕ ДОО, против должници физички лица, поднесени врз основа на извршни исправи нотарски платни налози за услуги кои произлегуваат од комунални дејности издал налози за извршување врз основа на член 96 од ЗИ, иако предходно не се обидел да го спроведе извршувањето со Налози за извршување по член 141 и по член 149 од ЗИ, со што постапил спротивно на **член 46 став 6 и 7** од ЗИ и сторил дисциплински повреди по член **66 став 1 алинеја 5** од Законот за извршување односно „при извршувањето презема дејствија кои не се предвидено со овој закон или се спротивни на овој закон утврдено од страна на суд во постапка по приговор против направилности во извршувањето“, од причина што по предмет И.бр.21/25 извршителот издал Налог за извршување по член 141 од ЗИ, доверител не е ЕВН ХОМЕ ДОО и должникот не поднел приговор до судот за неправилности при извршување. По однос на предметите со  И.бр.123/25 и И.бр.71/25, ДК при КИРСМ утврди дека нема елементи на повреда од член 66 став 1 алинеја 5 од ЗИ од причина што извршителот постапувал согласно одредбите од ЗИ, по предметите нема наплата, должниците по овие предмети се лица кои остваруваат права од социјална заштита и

немаат доставено приговор до судот за неправилности при извршувањето. ДК при КИРСМ ја прифати одбраната на извршителот во која се наведува дека по извршниот предмет со И.бр.71/25 бил донесен Налог за извршување по член 96 од ЗИ, но предходно биле проверени податоци за должникот и било утврдено дека должникот З.С.е невработено лице и е примател на гарантирана минимална помош и поради тоа не презел дејствие по член 141 или по член 149 од ЗИ, за да може должникот доброволно да го плати долгот и по извршниот предмет со И.бр.123/25 бил донесен Налог за извршување по член 96 од ЗИ, но предходно биле проверени податоци за должникот и било утврдено дека должникот Е.Д. е невработено лице и е примател на гарантирана минимална помош и поради тоа не презел дејствие по член 141 или по член 149 од ЗИ, за да може должникот доброволно да го плати долгот. Доверителот по предмет **И.бр.123/25**, на ден 04.09.2025 година го повлекол Барањето за извршување и од страна на извршителот бил донесен Заклучок за запирање со извршување И.бр.123/25 од 04.09.2025 година.

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, при определување на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а пред се како олеснителната околност дека извршителот предходно не е дисциплински казнуван, а како отежнителна околност подолг временски период непреземање на законско дејствие на достава на издаден акт односно непреземање дејствие по барањата за извршување.

Дисциплинската Комисија при КИРСМ на ден 30.01.2026 година согласно чл. 58, чл.60, чл.61 и чл. 62 став 1 точка в) од Законот за извршување (Службен весник на РМ бр.72/16, бр.142/16, 233/18, 14/20 и 154/23) одлучи како во изреката на ова решение.

Согласно член 62 став 1 точка в) в.в. со член 68 став 4 од Законот за извршување се задолжува извршител С.Ѓ.од С.Н. да плати на име парична казна износ во висина ---- евра во денарска противредност по среден курс на Народна Банка на РСМ на ден на изрекување, на сметка на Комората на извршители на РСМ бр.20---- во Стопанска Банка АД Скопје, во рок од 15 дена од прием на одлуката, а под страв на присилно извршување.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РСМ**
**ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА**
Претседател,
Славица Ацовска

________________________________

**Правна поука :** против ова решение извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РСМ во рок од 30 дена по приемот

**Дн:** Министерство за правда на РСМ

Извршител С.Ѓ.од С.Н.
Претседател на КИРСМ
Архива